**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03-381
19.07. **2016 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-3563/1 од 12.07.2016 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги односно поради неисполнување на обврската за емитување најмалку 50% изворно создадена програма во Република Македонија на македонски и на албански јазик, од страна на Трговското радиодифузно друштво ТВ УЛТРА ДООЕЛ Скопје, Директорот на Агенцијата го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка - опомена**

1. СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво ТВ УЛТРА ДООЕЛ Скопје, заради извршена повреда на член 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14 101/14 и 132/14), а казнива по член 148 став 1 точка 14 и став 2 од истиот Закон, на начин што програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ УЛТРА ДООЕЛ Скопје, на 23 јуни 2016 година, не емитуваше најмалку 50% програма изворно создадена во Република Македонија на македонски и на албански јазик.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-3563/1 од 12.07.2016 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското радиодифузно друштво ТВ УЛТРА ДООЕЛ Скопје, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на

одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерки согласно со овој Закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги или на прописите донесени врз основа на него и на условите и обврските од дозволите.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги преку Секторот за програмски работи - Одделението за културен идентитет, на 12 јули 2016 година, извршила редовен програмски надзор (мониторинг) на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ УЛТРА ДООЕЛ Скопје, емитуван на 23 јуни 2016 година, при што констатирала дека овој радиодифузер, на 23 јуни 2016 година, не емитувал најмалку 50% програма изворно создадена во Република Македонија на македонски и на албански јазик, бидејќи според програмскиот концепт кој е составен дел од дозволата за емитување, сервисот го емитува на македонски и на албански јазик.

Имено, констатирано е дека на 23 јуни 2016 година, телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ УЛТРА ДООЕЛ Скопје, емитувал 9 часа 15 минути и 5 секунди програма изворно создадена во Република Македонија на македонски јазик, што е 42.70% од вкупно емитуваната програма во текот на денот која влегува во пресметка за изворно создадена програма (21 час 39 минути и 51 секунда). Законскиот минимум од 50% за емитување изворно создадена програма во текот на еден ден, во однос на вкупно емитуваната програма на 23 јуни што влегува во пресметка за изворно создадена програма (21:39:51), е 10 часа 49 минути и 55 секунди. Програмскиот сервис на ТРД ТВ УЛТРА ДООЕЛ Скопје емитуваше за 1 час 34 минути и 50 секунди помалку изворна програма од потребниот минимум.

Повредата од точка 1 став 1 од ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-3563/1 од 12.07.2016 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Следствено на тоа, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-3563/1 од 12.07.2016 година, поради констатирано непочитување на одредба од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, утврдено во точка 1 на ова Решение, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, донесе решение, со кое кон Трговското радиодифузно друштво ТВ УЛТРА ДООЕЛ Скопје, се презема мерка – опомена и со кое на радиодифузерот му наложи, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Упатство за правно средство:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор, бр.10-3563/1 од 12.07.2016 година.

**Доставено до:**

- Трговското радиодифузно друштво ТВ УЛТРА ДООЕЛ Скопје;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво ТВ УЛТРА ДООЕЛ Скопје;
- Одговорното лице на програмата во правното лице;
- Секторот за правни и економско-финансиски работи;
- Секторот за програмски работи;
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 12.07.2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 3563 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ УЛТРА ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 23 јуни 2016 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 12 јули 2016 година

5. **Предмет на надзорот:**

- **Член 64 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (употреба на јазикот во програмите на радиодифузерите)
- **Член 90 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите што вршат дејност на регионално ниво се должни дневно да емитуваат најмалку 8 часа програма на телевизија);
- **Член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите се обврзани дневно да емитуваат најмалку 50% изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик или на јазиците на немнозинските заедници кои живеат во РМ, од која половина во периодот од 7.00 до 19.00 часот);
- **Правилник за обврските за емитување изворно создадена програма, музика, документарна и играна програма** („Службен весник на Република Македонија" бр. 180/14)

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ УЛТРА ДООЕЛ Скопје, емитуван на 23 јуни 2016 година, на регионално ниво (Д8-Попова Шапка), **<u>е констатирано прекршување на член 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги</u>** (обврска дневно да емитува најмалку 50% изворно создадена програма во Република Македонија на македонски и на албански јазик, бидејќи според програмскиот концепт кој е составен